**Фонд за техничка документација**

**Втор повик за финансирање на техничка документација за инфраструктурни проекти**

**Прашања и одговори (5)**

1. **Дали на повикот може да се аплицира со Изолација на објекти со современи фасадни системи и изолација на кровни конструкции на станбени објекти - згради кои се наоѓаат во централно подрачје?**

**ОДГОВОР:** Преку повикот се поддржува техничка документација за проекти кои вклучуваат реконструкција на јавни објекти во надлежност на општините (на пр., училишта, градинки, општински згради, комунални претпријатија, центри за социјални и здравствени услуги, културни и историски центри итн), но не и станбени објекти – згради.

2. **При аплицирање на Центар за развој на плански регион, дали треба да се аплицира за изработка на проектна документација за проекти на територијата на двете (или повеќе) општини или доволно е бенефитот од проектот да го уживаат населението од 2 или повеќе општини.**

**ОДГОВОР:** Во принцип, апликациите поднесени од Центрите за регионален развој треба да се однесуваат на различни проекти кои би се спровеле на територијата на најмалку две општини во рамките на планскиот регион. Сепак, во рамките на повикот, може да се прифати проект/и кои имаат придобивки за повеќе општини, доколку проектот/ите се финансиски поддржани од страна на соодветните општини.

3. **Дали техничката документација за поставување на фотоволтаици на зграда на средно училиште и реконструкција на истата зграда со примена на мерки на енергетска ефикасност (промена на дограма, спуштени плафони, фасада) може да се опфати една или повеќе проектни задачи?**

**ОДГОВОР:** Поддршката за изработка на техничка документација за реконструкција на јавни општински објекти преку примена на мерки за енергетска ефикасност, може да се однесува на изработка на повеќе проекти (урбанистички проект, основен проект(и), елаборати итн.). Притоа, доколку мерките се однесуваат на еден јавен објект, тогаш потребна е само една Проектна програма.

4. **Дали е прифатлив проект за изработка на техничка документација за реконструкција на градски пазар со воведување на мерки за енергетска ефикасност? Проектот би опфаќал промена на покривот (стариот е оштетен и водопропуслив) и излолација на самиот објект.**

**ОДГОВОР:** Доколку објектот – градски пазар е во сопственост на општината и реконструкцијата е во согласност со критериумите на повикот, проектот може да биде поддржан во рамките на овој повик.

5. **Дали при поднесување на проект за промена на улично осветлување со штедливи светилки, потребно е да се обезбедат имотни листови за сите светилки или доволна е изјава од градоначалник дека нема имотно-правни проблеми и дека истите се лоцирани на државно/општинско земјиште?**

**ОДГОВОР:** Проектите од областа на животна средина кои имаат за цел замена на конвенционално јавно улично осветлување со енергетски ефикасно јавно осветлување, можат да бидат поддржани во вториот повик. Притоа, доволна е изјава од градоначалникот дека проектот не се соочува со имотно-правни проблеми.

**6. Дали може да се аплицира за техничка документација за топлификација?**

**ОДГОВОР:** Проектите за топлификација за населени места преку централно греење може да биде поддржан доколку се покаже дека загадувањето на воздухот ќе се намали споредено со користењето други енергенси (на пр., на дрва, јаглен).